НЕБО ТРЕТО

Ѓоко Здравески

БИБЛИОТЕКА – **Поетите од Наше маало**

Главен уредник
Филип Димевски

© Ѓоко Здравески, 2025
© Бегемот, 2025

Лектура
Ирена Ралева

Компјутерска обработка
Бегемот

Графичко уредување
Наталија Лукомска

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

НЕБО ТРЕТО

Ѓоко Здравески



Скопје, 2025

ТРИПТИХ ТРИАГОЛНИЦИ

исповед

мене не ми е потребен тој разговор.
не сакам да чујам зошто. по толку време
јас и отповеќе веќе знам. знам дребности
за сите лукавства и подмолности.
за лицемерието и за тајните игри на стравот.
знам и од каде идел грчот во прегратката.

по толку време јас и отповеќе веќе знам.
не сакам и од тебе да чујам зошто.
има во мене темнина, сепак, која не ми дава
да те ослободам од товарот што го носиш.

очекување

се готвам за разговор по кој, веројатно,
веќе нема да бидеме пријатели.

разговор во кој ќе те соочам
со твојата подмолност.

нема ни да ме разбереш зашто нема
да сакаш да го чуеш тоа што го слушаш.

ама ти кажувам за да ти кажам,
не за да ме разбереш.

шумот на умот

сега одеднаш
јас сум одговорен
за облакот од
туѓиот молк
во собата.

и морниците што некогаш ти ја ежеа кожата
сега, како сеќавање, ти се гадни
и сакаш да ги снема.

и би ги трампала сега
сите тогашни задоволства.

и студена, воздржана,
возрасна си сега.

умот ти е зауздан.

а знаеш, нели?

колку подлабоко го закопуваш семето,
толку пораскошно е дрвото,
и плодовите му се погорчливи.